# Академија за обука на судии и јавни обвинители

## Тема: СУДИСКА ЕТИКА И СОВРМЕНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ

Судија М-р Betim Jahja



# ПОИМ

- Зборот етика потекнува од грчкиот збор „ethos“ што значи обичај, карактер чиј извор и основа се моралните вредностии стремежи.
- Етиката е наука за моралот и моралното однесување кое се обидува да ги нормира моралните принципи и да го развива и усовршува моралот (преку етички кодекси)
- Судиската етика е збир на воспоставени принципи за етичкото однесување на судиите.



# Содржина

- Настанувањето и развојот на судиската етика
- Универзални и европски стандарди
- Устав на РСМ и Закон за судови
- Кодекс на судиска етика , непристрасност и интегритет

# Меѓународни стандарди

- Основни начела за независно судство на ОН од 1985 г.
- Меѓународниот пакт за ѓраѓански и политички права чл.14
- Бангалорските принципи на судиско однесување од 2006 година
- Универзалната декларација за човековите права чл.10
- Коментар на Бангалорските принципи од 2007 г.
- Универзалната повелба на судиите од 1999 и 2017 г.на МЗС(IAJ)

# Основни принципи за независност на судството (Basic principles on the independence of the judiciary)

- Меѓународен документ кој содржи **начела упатени на државите членки со цел обезбедување независност на судството и еднакво право на правично и јавно судење пред независен и непристрасен суд**

( Усвоен со резолуција на Генералното собрание на Обединетите нации бр. 40/32 и 40/146 од 1985. год.)

го поставува темелот на „Бенгалорските принципи на судиско однесување„ - прв етички кодекс на судиска етика

(The Bangalore principles of judicial conduct) Усвојени со резолуција на Економскиот и Социјалниот совет на Обединетите нациии бр. 2006/23.

# Универзалната декларација за човекови права

- „Секој има потполно и еднакво право да биде јавно сослушан од страна на независен и непристрасен суд при утврдувањето на правата и обврските и во однос на кое било кривично обвинение“

# Европа

- Повелба на фундаменталните права на ЕУ од 2000 г. (чл.47 )
- ЕКЧП 1950 на Советот на Европа чл.6
- Европската повелба за статутот на судиите 1998 г.
- Препорака за судиите:независност, ефикасност и одговорност 2010
- Мислењето бр.3 на ССЕС
- Праксата на ЕСЧП

# Мислење бр.3

- Две сфери:
- начелата и правилата на професионално поведение на судиите базирани на етички принципи кои мора да задоволат многу високи стандарди и можат да бидат инкорпорирани во изјавата за стандарди за професионално поведение подготвена од самите судии,
- начела и постапки кои се однесуваат на кривична ,граѓанска и дисциплинска одговорност на судиите

# Устав на РМ

- Судовите се самостојни и независни.
- Судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.
- Судиската функција е неспојлива со вршење на друга јавна функција и професија или со членување во политичка партија

# Закон за судови

Чл.75  ст.1 т.4

- Судијата се разрешува од судиската функција: поради потешка дисциплинска повреда што го прави недостоен за вршење на суд.функција поради:
- очигледно прекршување на правилата за изземање во ситуации во кои судијата знаел или требало да знае за постоење на некоја од основите за изземање предвидени со закон.

- Член 77  ст.1 т.2
- Како дисциплинска повреда за која се поведува постапка за утврдување на одговорност на судија за која ќе се изрече дисциплинска мерка се смета:
- искористување на својата функција и угледот на судот за остварување на свои приватни интереси;

# КОДЕКС ЗА ЕТИКА НА СУДИИТЕ И СУДИИТЕ ПОРОТНИЦИ

- воспоставување стандарди за етичко однесување на судиите и судиите поротници,тие им даваат насоки на судиите и судиите поротници и креираат рамка за регулирање на нивното однесување
- Овие принципи претпоставуваат дека судиите и судиите поротници се одговорни за своето однесување пред соодветни институции, воспоставени за одржување на судските стандарди, кои се независни и непристрасни, а нивната цел е надополнување, а не отстапување од постојните законски прописи и правила на однесување што судиите мора да ги почитуваат.

# ПРИНЦИПИ

- НЕЗАВИСНОСТ
- предуслов за владеењето на правото и основна гаранција за правично судење
- секој судија треба да ја поддржува и да дава пример на судиската независност како во однос на индивидуалните така и во однос на институционалните аспекти

# НЕПРИСТРАСНОСТ

- од суштествено значење за соодветно извршување на судиската функција
- Судијата е должен да ја врши судиската функција непристрасно, како при донесување на одлуките, така и во водење на постапките

- без пристрасност, предубедување или предрасуди.
- со своето однесување како во судот така и надвор од судот, придонесува за одржување односно подобрување на довербата на јавноста и кај странките во непристрасноста на судијата и на судството
- внимава на своето изземање кога не е во можност да донесе непристрасна одлука по одреден предмет
- се иззема од учеството во било која постапка каде не може да донесе непристрасна одлука

# ПРАКСА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА (ЕСЧП )

- Непристрасен суд
- Варданјан и Нанушјан против Ерменија А.бр. 8001/07- пресуда од 27.10.2016
- Попоски и Дума против РМ , А. бр. 69916/10 и 36531/11 - пресуда од 07.01.2016
- Митриновски – РМ , А.бр.6899//12 –пресуда од 30.04.2015
- СТОИМЕНОВИЌ И МИЛОШЕВИЌ против СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА А. бр. 59842/14 25 пресуда март 2021

Предмет Piersack против Белгија

- (апликација 8692/79)стр..643

Предмет De Cubber против Белгија

(апликација ***9186/80 ) стр.661***

- Предмет Demicoli против Малта

(апликација 13057/87 ***) стр 677***

- Предмет Sainte-Marie против Франција (апликација 12981/87 ***) стр 693***

# ИНТЕГРИТЕТ

- атрибут на чесност и праведност
- Судијата секогаш не само во извршување на службените должности постапува чесно и на начин кој е од корист за соодветно вршење на судиската функција
- се однесува беспрекорно од гледна точка на секој разумен набљудувач
- во професионалниот и приватниот живот
- не смее да го користи угледот

# ПРИСТОЈНОСТ

- Пристојноста и соодветното - културно однесување на судијата се од суштинско значење за вршењето на сите активности на судиската функција
- лични ограничувања
- лични односи со членови на правната професија
- слобода на изразување , верување ,здружување
- доверливи информации

# ЕДНАКВОСТ

- Обезбедувањето на еднаквост во постапката за сите пред судовите е од суштинско значење за соодветното вршење на судиската функција
- не смее при вршење на своите судиски должности **со зборови или со однесување да покаже пристрасност кон био кое лице или група врз нерелевантни основи (раса, боја , пол, национално потекло , посебни потреби , возраст, брачна состојба ...**

# СТРУЧНОСТ И СОВЕСНОСТ

- предуслови за соодветното извршување на судската функција

- судиската должност има приоритет пред сите други активности

- настојува да ја усовршува својата професионална компетентност

- во постапка пред суд е трпелив, достоинствен

# СОВЕТОДАВНО ТЕЛО ЗА СУДИСКА ЕТИКА

- искажува советодавни мислења на судиите во Македонија во однос на едно или повеќе прашања поврзани со етичкото однесување, односно соодветното извршување на судиските должности и избегнување на судирот на интереси на судиите/судиите поротници во приватниот живот и вршењето на судиската функција
- Мислењата и советите имаат превентивно и советодавно значење. Тие укажуваат на поведенијата кои претставуваат повреда на принципите на судискиот Кодекс.
- Советодавното тело работи во рамките на Здружението на судии на Република Северна Македонија и се состои од претседател и 6 члена.

# Социјални медиуми и судиската етика

- Мислење бр.25 , 2022, ССЕС, слобода на изразување на судиите
- Социјалните медиуми се дефинирани како: „интерактивни компјутерски посредувани технологии кои го олеснуваат создавањето и размената на информации, идеи, кариери и други форми на изразување преку виртуелни заедници и мрежи.“

# Најчесто користени социјалнии медиуми

- Facebook
- Instagram
- Twiter
- LinkedIn
- Tinder

# ПРЕПОРАКИ ЗА СУДИИТЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ-Практични упатства за користење на соц. Медиуми од страна на судиите –CEELI Институт од Прага

- Достоинствено претставувајте го судството во СИТЕ содржини на социјалните медиуми .
- Никогаш не ги коментирајте тековните предмети
- Не користете социјални медиуми за да истражувате странки
- Внимавајте кого прифаќате како „пријател“ и што и кого „лајкувате“
- Одбегнувајте политички и комерцијални коментари.
- Прилагодете ја и следете ја вашата онлајн видливост
- Заштитете ги вашите лични податоци
- Едуцирајте го вашето семејство и пријателите
- Користете ги социјалните медиуми за едуцирање на јавноста
- Континуирано едуцирајте се за социјалните медиуими

# Корисни линкови

- https://jpacademy.gov.mk/wp-content/uploads/2021/03/prakticni-upatstva-za-koristenje-socijalni-mediumi-od-strana-na-sudiite.pdf
- http://www.vsrm.mk/wps/wcm/connect/vsrm/10ae444c-09fd-4cbd-9fa6ed45ae4ad13b/%D0%9A%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BA%D1%81+%D0%B7%D0%B0+%D0%B5%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B0+%D0%BD%D0%B0+%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%B8%D0%B8%D1%82%D0%B5+%D0%B8+%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%B8%D0%B8%D1%82%D0%B5+%D0%BF%D0%BE%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8.pdf?MOD=AJPERES&CVID=mSBbAAH
- https://www.osce.org/files/f/documents/1/c/124006.pdf
- https://ceeliinstitute.org/old-website/wp-content/uploads/2020/06/MANUAL-MASTER_-JUN2020.pdf
- https://rm.coe.int/opinion-no-25-2022-final/1680a973ef%0A%0A

БЛАГОДАРАМ !!

Falemnderit !!